РЕДОВЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН бр.17 | пролет 2020

# Економско и социјално влијание од КОВИД-19

## МЕРКИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА



*"Ти и јас" - Тања Бурзановиќ, Црна Гора*

ТРЕИ бр. 17 е збирка од белешки за Економското и социјално влијание од КОВИД-19, кој ќе биде објавен во три дела. Првиот дел беше објавен на 29-ти април и се фокусирае на макроекономското вилјание од КОВИД-19. Вториот дел информира за тоа како макроекономските последици влијаат врз луѓето во регионот. Тој дискутира за социјалните последици од КОВИД-19 во Западен Балкан во шест посебни РЕИ белешки за сиромаштијата и благосостојбата, пазарот на труд, здравството, образованието, загадувањето на воздухот и социјалната заштита. Третиот дел, кој ќе биде објавен во првата половина од јуни, ќе се фокусира на специфични одговори за економски политики - фискални, надворешен и финансиски сектор- и влијанието на кризата врз приватниот сектор, како што е информирано од фирмите.

# Опции за мерки на социјална заштита како одговор на кризата со Ковид-19 во регионот на Западен Балкан[1]

*Пандемијата Ковид-19 остава последици по пазарот на труд и можностите за вработување на луѓето низ целиот западнобалкански регион, а државите ја зголемуваат нивната поддршка за погодените домаќинства. Оваа белешка опишува краткорочни и среднорочни опции за економска поддршка на домаќинствата за време на пандемијата и последователниот период на закрепнување на економијата, и ги разгледува мерките што западнобалканските земји ги имаат објавено или усвоено.*

- *На краток рок, сите држави ја проширија поддршката на сиромашните домаќинства преку зголемување на помошта или бројот на корисници на програми за намалување на сиромаштијата, или со спроведување на универзални програми за парична помош. Овие земји исто така ја зајакнуваат нивната поддршка за невработените и спроведуваат програми за помош на претпријатијата да ги задржат нивните вработени (т.е. субвенции за плати).*

- *На среден рок, важно ќе биде да продолжат програмите за намалување на сиромаштијата и да се обезбеди поддршка на невработените. Активните мерки на пазарот на труд исто така треба да се прошират бидејќи побарувачката за работна сила ќе се беместува помеѓу стопанските гранки, и голем број работници ќе имаат потреба од преквалификација и поддршка за да најдат ново вработување.*

- *Јасно е дека финансиските ограничувања ќе наметнат потреба да се прават компромиси помеѓу различни програми и различни временски периоди, а расходите ќе треба да се подредуваат според приоритет. Ќе биде важно да се подобри насочувањето (таргетирањето) и истовремено да се гарантира долгорочно финансирање на социјалната заштита и да се ограничи времетраењето на програмите за субвенционирање плати, кои се скапи.*

- *На среден рок, износите на осигурување во случај на невработеност, социјална помош и пензиите, исто така, можеби ќе треба да се ревидираат, особено антикризните привремени дополнителните исплати. Во исто време, програмите за вработување и активните мерки на пазарот на труд кои ќе се покажат како делотворни треба да се прошират, додека неделотворните ќе треба да се запрат.*

- *Среднорочната фаза на закрепнување исто така претставува можност да се зајакнат системите за социјална заштита, да се зацврсти нивната издржливост и да се подобри нивниот капацитет да одговорат на евентуални идни кризи на економичен начин.*

[1] Овој документ го изготвија Alicia Marguerie, Karla McEvoy, Gonzalo Reyes, и Jamele Rigolini. Со свои коментари придонесоа Stefanie Brodmann, Sanja Madzarevic, Cem Mete и Fadia Saadah, Marc Schiffbauer, Edith Kikoni, Enrique Blanco Armas, Jasmin Chakeri, и Gallina Vincelette.

## Едноставна рамка за поддршка во кризни услови

Опциите за мерки на социјална заштита како одговор на кризата со Ковид-19 може да се поделат на итни мерки во вонредна состојба на пандемија, и долгорочни мерки за поддршка на домаќинствата при справување со мошне веројатна подолгорочна економска криза.

Илустрација 1 дава преглед на можните мерки. На краток рок, треба да се избегнат непотребни отпуштања на вработени предизвикани од економските последици од пандемијата. Претпријатијата се погодени од нарушувања во синџирите на снабдување, ограничувања во работењето (затворање или ограничено работно време) и пониска побарувачка, а работниците на плата и самовработените се под ризик да го загубат своето работно место или дејност. Со оглед на минливата природа на шокот предизвикан од КОВИД-19, задржувањето на вработените ќе ја олеснат способноста на фирмите да закрепнат од последователната економска криза, како што се докажа при претходната економска криза во 2008 година[2]

Сепак, неизбежно е дека ќе има отпуштања - особено во критични сектори погодени од шокот како што се туризмот, трговијата или транспортот. Дополнително на отпуштањата, може да се очекува и надолно прилагодување на платите и скратувања на работното време. Следствено, треба да се обезбеди итна помош на домаќинствата (и формални и неформални) погодени од шокот, со проширени мерки за социјална заштита и социјално осигурување.[3] Овие мерки може да се разликуваат од мерките за поддршка што се применувале пред кризата, со оглед на огромниот број на засегнати лица и потребата овие домаќинствата да бидат опфатени и да им се обезбеди поддршка во краток рок.

[2] Видете ја придружната белешка РЕИ: "Пазарите на труд во земјите на Западен Балкан во услови на КОВИД-19 шок" за поподробна разработка на потенцијалните влијанија врз вработеноста и платите.

[3] Видете ја придружната белешка РЕИ: "Влијанијата на КОВИД-19 врз сиромаштијата и добросостојбата на домаќинствата на Западен Балкан" за поподробна разработка на потенцијалните влијанија на кризата врз сиромаштијата и распределбата на приходите.

*Илустрација 1: Едноставна рамка за итен одговор*




Ограничувањата на економската активност наменети за заштита од пандемијата - барем оние од најдрастичен степен - ќе треба да бидат временски ограничени поради нивните значителни фискални трошоци. Но, дури и по попуштањето на таквите мерки, економското пад може да продолжи подолго време. Карактеристиките на пазарот на трудот што се специфични за Западен Балкан може особено неповолно да влијаат врз некои домаќинства. На пример, меѓународните забрани за патувања може да влијаат врз сезонските и привремените мигранти кои наоѓале можности за работа во земји чии граници сега се затворени. Дознаките од странство - важен извор на приход за голем број домаќинства во западнобалканскиот регион - исто така можеби ќе се намалат. Сé додека економијата не закрепне, ќе има потреба од поддршка на домаќинствата кои западнале во сиромаштија или се на граница на сиромаштија, како и на невработените, преку проширени мерки за социјална заштита и социјално осигурување, и да им се помогне да најдат нови работни места преку мерки за поттикнување на вработувања. Сепак, фискалните импликации ќе бидат значителни и властите ќе треба да најдат рамнотежа помеѓу мерките за поддршка на растот и инвестициите, и поддршката на домаќинствата во рамките на одржлива фискална позиција.

Во текот на сите фази, поддршката ќе треба да биде прилагодена кон профилите на корисниците. Поддршката што би се обезбедувала за вработените во формалниот сектор, на пример, може да биде различна од поддршката што би се нудела за неформалните работници или оние што се блиску до сиромаштија. За да биде делотворна поддршката, можно е да се укаже потреба за секоја група да се определуваат посебни јавни политики, а со оглед на огромните размери на предизвикот, може да стане неопходно распоредување според приоритет.

# Краткорочни одговори на кризата со Ковид-19

Земјите од Западен Балкан усвоија широк спектар на јавни политики за социјална заштита, наменети за поддршка на вработените во формалниот сектор, невработените, сиромашните и старите лица, кои ќе ги разгледуваме подолу. Некои од овие мерки (како што се субвенциите за плати) може да претставуваат валидна краткорочна алатка на јавната политика, но претставуваат значително скап трошок и може да бидат помалку делотворни на среден рок. Затоа ќе биде важно да се менува и прилагодува составот на мерки/политики во различните етапи на одговор на кризата.

## Краткорочна поддршка на претпријатијата во формалниот сектор со цел да се избегнат отпуштања на вработени

На краток рок има можност да се преземат активности за задржување на работниците во претпријатијата во формалниот сектор како одговор на привремен шок во снабдувањето. Задржувањето на работниците го ограничува бројот на невработени лица, бројот на домаќинства кои ќе имаат потреба од социјална помош понатаму, и уште поважно, го одржува работниот однос меѓу претпријатијата и работната сила, што е од клучно значење за да се подготви повторно започнување на производството по кризата. Постојат неколку инструменти, засновани на истата основна идеја: намалување на трошоците за вработените во време на забавување на економијата со цел да им се овозможи на фирмите да ги задржат сегашните вработени на нивните работни места.

**Субвенциите за вработување или за плати** се (директни) трансфери на работодавачите со цел целосно или делумно да ги покријат платите на нивните вработени. Работниците остануваат вработени и претставуваат пониски трошоци за фирмите, и покрај намален број или нула изработени работни часови. Условот за субвенции за плати може да биде задржување на одреден процент од вработените во претпријатијата. Субвенциите за плати покажаа делотворност во спречувањето на укинување на работни места за време на поранешни кризи од голем обем. Сепак, тие треба да бидат со доволно високи износи за да мотивираат задржување на работниците, и може да бидат мошне скапи за државата. Во најголемите економии на ОЕЦД субвенциите за плати за вработените испратени на принуден одмор/отсуство се поставени на нивоа од дури 90% во Данска и 80% во Велика Британија. Вакви износи тешко би се финансирале во повеќето земји со средни нивоа на приходи. На пример, во Северна Македонија се проценува дека севкупна субвенција за исплата на минималната плата на 250 000 вработени може да чини повеќе од €60М месечно. Од страната на претпријатијата, обврската за покривање на преостанатиот дел од платите на работниците - доколку тоа е услов пропишан во антикризната мерка или поради прописите за работни односи во државата - може и понатаму да претставува потешкотија кога се соочуваат со ослабена ликвидност, и на крајот дури и со вакво субвенционирање може да не се успее да се спречат отпуштања од работа. Потенцијалната промена во правната рамка може дополнително да им помогне на фирмите со тоа што ќе им дозволат да доплатат дел од преостанатиот износ на платите само до одредена горна граница (што значи и привремено намалување на платите).

Постојат неколку можности за подобрување на економичноста на субвенциите за плати. Една можност е (делумна) компензација на работниците за намалениот број на работни часови додека претпријатијата продолжуваат да исплаќаат (делумно или целосно) плати/надоместоци за

преостанато ефективно работно време. Познати како „мерки за привремена работа со намален број работни часови", оваа можност се користи во Германија, Франција, Италија и други земји, но наложува потреба од систем што овозможува мерката да ги опфати само оние работници на кои им е намален бројот на работни часови или се испратени на принуден одмор. Друга опција е мерките да се насочат кон конкретни фирми според стопански гранки (туризам, угостителство) или големина: микро, малите и средните претпријатија веројатно ќе бараат поддршка со оглед на ликвидносните потешкотии со кои се соочуваат.

Навременото најавување и спроведување на субвенциите за плати се од клучно значење за да се избегнат масовни отпуштања, бидејќи ликвидносниот притисок врз претпријатијата веројатно ќе доведе до отпуштања во раните фази на кризата. Исто така, важно е да се одржат временски ограничувања на субвенциите за плати: тие делуваат само како привремена мерка за да им се помогне на фирмите да се повратат од шокот и во никој случај не претставуваат делотворна долгорочна замена за социјалната помош или осигурување во случај на невработеност, кои се многу поекономични поради тоа што се конкретно насочени. Конечно, овие мерки треба да се сметаат за комплементарни со другите мерки за поддршка на ликвидноста на фирмите, како што се субвенционирани кредити или капитални дотации, условени со задржување на работниците.

Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија најавија субвенции за плати за поддршка на вработеноста. Во Србија владата објави дека ќе ги покрие трошоците за плати за 3 месеци за микро, мали и средни претпријатија. Во големите претпријатија, 50% од минималната плата ќе се исплати на сите вработени чии договори истекле или биле раскинати поради кризата. На Косово, месечните плати ќе се покријат за април и мај со износ еднаков на минималната плата, мерка во износ од €41M. Во Северна Македонија се најавени субвенции за плати (и во овој случај исплата на минимална плата) за два месеци за 9000 занаетчии и околу 250.000 вработени во фирми од приватниот сектор кои бележат најмалку 30% пад на приходите поради кризата. Во Црна Гора најавени се двомесечни субвенции за плати до 100 проценти од минималната плата за сите претпријатија во погодените стопански гранки, како и шестмесечни субвенции за плати за новопријавени вработувања во сите гранки со цел да се поттикне формализирање на работните односи.

**Намалување на други трошоци поврзани со платите** (обично придонеси за пензиско или социјално осигурување) е друг начин за субвенционирање на платите. Овие трошоци ги плаќаат работодавачите дополнително на нето платата, а разни видови ослободувања од тие давачки или нивно покривање/исплаќање можат привремено да ги намалат трошоците за работна сила. Таквите мерки може да бидат условени со задржување на целиот број или одреден процент од вработените во претпријатијата во определен период. Реализацијата веројатно ќе биде побрза бидејќи се потпира врз веќе постоечки систем и регистар. Сепак, може да го наруши функционирањето на другите институции поврзани со пензиите и социјалното осигурување. Од буџетска гледна точка, се претпочита одложување на обврските, наместо ослободување или намалување. Во спротивно, владата ќе треба да издвојува дополнителни ресурси од општиот буџет за покривање на неисплатените придонеси за да обезбеди долгорочната одржливост на фондовите за социјално и пензиско осигурување. Слично на директните субвенции на плати, мало намалување на вкупните трошоци за работна сила можеби нема да биде доволно да се задржат работниците на нивните работни места, но оваа мерка може да претставува надополнување на директните субвенции за плати или други мерки со кои им се помага на претпријатијата да се справат со намалената ликвидност.

Босна и Херцеговина, Косово и Црна Гора воведуваат одложување или ослободување од другите трошоци поврзани со платите. Косово објави мерка за покривање на пензиските придонеси за април и мај, во износ од €8M. Во Црна Гора фирмите можат да го одложат плаќањето на персоналниот данок на доход и придонесите за социјално осигурување, а во најпогодените сектори фирмите се целосно ослободени за период од 2 месеци. Во Босна и Херцеговина, двата ентитети субвенционираат или покриваат придонеси, иако во различни форми (видете Додаток).

## Антикризни мерки за социјално осигурување

Најчестите мерки за социјално осигурување што досега се усвоени опфаќаат осигурување во случај на невработеност и пензии.

**Осигурување за случај на невработеност.** Сите земји од Западен Балкан освен Косово имаат воспоставено програми за осигурување во случај на невработеност. Се очекува кризата со Ковид-19 значително да ја зголеми невработеноста во сите земји, и расположливоста на воспоставени системи од ваков вид претставува голема предност при одговор на кризата. Сепак, кризата ќе наложи потреба од одредени промени во нивната поставеност. Можеби системите ќе треба да обезбедат дополнителна привремена помош или да ублажат некои од условите за остварување на овие права за да одговорат на ненадејното зголемување на невработеноста. Владите исто така треба да го зајакнат административниот капацитет на програмите за осигурување во случај на невработеност и службите за вработување за да одговорат на напливот на побарувачка за нивните услуги, олеснување на пријавувањето на статус невработено лице и обработка на платежните трансакции. Можеби ќе се укаже потреба и од укинување на времето потребно за остварување на оваа бенефиција и поедноставување на процедурите за да се намали времето на чекање.

Врз основа на постојните прописи, земјите од Западен Балкан ќе имаат на располагање различни мерки. Меѓу другите можности, државите може да го намалат периодот на уплаќање придонеси што е услов за стекнување право на бенефиции. Државите исто така би можеле да ги прилагодат износите на помош на краток рок, особено во системите кои во моментот обезбедуваат релативно ниско рамномерно/линеарно ниво на помош (Црна Гора, Албанија и Федерацијата Босна и Херцеговина), или да разгледаат можности за паушална еднократна исплата на помош како додаток/надополнување на помошта за невработени. На крај, земјите исто така можеби ќе треба да го продолжат времетраењето на помошта на најмалку 5-6 месеци, вклучително и за корисниците кои можеби не уплаќале придонеси со потребниот број месеци за да остварат право на целосниот пакет помош.

Некои од овие мерки се најавени или се во фаза на усвојување. На пример, Албанија ќе ги удвои износите на помош за невработеност, а Црна Гора ќе обезбеди еднократна исплата од €50 како надополнување/додаток на помошта за сите невработени. Во Србија, владата ќе им овозможи на барателите да ги доставуваат нивните барања за помош поради невработеност до Националната служба за вработување преку пошта или електронска пошта. Сите држави исто така имаат наменето дополнителни ресурси за покривање на очекуваното зголемување на бројот на корисници на помош за невработеност.

На среден до долг рок, особено ако за процесот на закрепнување е потребно подолго време, ќе биде важно и да се разгледаат фискалните импликации за финансирање на долгорочен пораст на помошта за невработени, и да се одмери полезноста на таа мерка во споредба со другите мерки наменети за поддршка на процесот на закрепнување. Веројатното зголемување на помошта за невработени има многу поголеми фискални импликации отколку социјалната помош, на пример.

Првичните пресметки сугерираат, на пример, ако стапката на невработеност се удвои во Северна Македонија, а помошта да се продолжи за два месеци, дополнителните трошоци на таквите програми би изнесувале повеќе од €70М годишно. Во зависност од времетраењето на процесот на закрепнување, можеби ќе стане неопходно да се разгледаат промени во структурата на програмите за да се обезбеди дека државите ќе можат да ги исполнуваат обврските за помош на невработените, на начин како што сега се поставени.

**Пензии.** Иако постарите лица се под најголем ризик од здравствена гледна точка, тие треба да бидат заштитени од економското ослабнување ако се потпираат на исплата на пензија. Сепак, пензиските програми треба да бидат прилагодени кон потребата за одржување растојание помеѓу луѓето и кон правилата за карантин. Корисниците исто така може да имаат потреба од дополнителна поддршка за да останат дома, да ги ограничат своите излегувања надвор, и покривање на евентуални дополнителни здравствени трошоци. За да се избегнат непотребни излегувања и да се поттикне одржувањето растојание помеѓу луѓето, владите може да ги консолидираат исплатите во поголеми износи што би се исплаќале поретко (на подолги интервали), особено за случаи кога исплатите се подигаат лично. Проверките што се прават лично, исто така, може да се одложат. Може да се разгледа можност и за дополнителна исплата или еднократен паушал како надомест за дополнителните/зголемените трошоци, особено за корисниците со пониски пензии. Со оглед на ограничените финансиски можности што наметнуваат потреба од правење компромиси во јавните расходи на многу држави, ќе биде важно е да се одмери потребата од зголемување на пензиите во однос на други потреби за социјална помош и социјално осигурување, и преку соодветни кампањи за комуникација јасно да се соопшти дека секое зголемување на пензиите поврзано со КОВИД ќе биде привремено (со ограничен рок).

Неколку земји од Западен Балкан најавија мерки за пензионерите. На пример, во Србија сите пензионери ќе добијат еднократна поддршка во висина од 4000 динари (околу €35), а пензионерите можат да дадат посебно овластување на други лица да примаат исплати во нивно име. Во Косово сите услови за верификација се ставени во мирување, а пензионерите со пензии пониски од €100 ќе добијат привремен додаток од €30.

## Мерки за социјална помош на сиромашните и лицата на граница на сиромаштија

Мерките за социјална помош или социјална сигурност имаат најголем потенцијал за поддршка на сиромашните, лицата што се на граница на сиромаштија, и неформалните домаќинства што се соочуваат со загуба на приходи поради економските ефекти на КОВИД-19. Овие програми обезбедуваат директна поддршка во парична форма или во натура (добра и услуги) со што се одржува порамномерно ниво на потрошувачка, се компензираат повисоките цени и помагаат да се спречи понатамошно запаѓање во сиромаштија. Вакви програми се применувале како одговор на економски кризи, природни непогоди и епидемии, како што беа кризата со храна, финансискиот систем и горивата во 2008 година, и појавата на Ебола во 2014-2015 година. Потенцијални опции за користење на социјална помош за ублажување на непосредните и долгорочните влијанија на КОВИД-19 опфаќаат:

**Поедноставување на постапките за обнова на статусот.** Повеќето социјални програми бараат од домаќинствата редовно да потврдуваат исполнување на условите и да го обновуваат нивниот статус. Некои програми имаат и временско ограничување. Пандемијата го отежнува процесот на обновување на статусот, кој истовремено станува и помалку релевантен, со оглед на слабата веројатност за намалување на бројот на домаќинства што ќе ги исполнуваат условите за овие бенефиции. Временските ограничувања исто така треба привремено да се ублажат со оглед на

слабите изгледи дека корисниците би успеале да најдат работа. Неколку од западнобалканските земји ги поедноставија постапките за обновување на статусот. На пример, во Северна Македонија, правилото за утврдување на нивото на приходи секои 3 месеци беше ублажено со оглед на ненадејниот пад на приходите на домаќинствата; во Србија, Владата го продолжи времетраењето на социјалната помош врз основа на претходно донесените решенија, за најмногу три месеци.

**Поедноставување на постапките за прием во социјална помош**. Кризата ќе предизвика голем број од домаќинствата што се блиску до сиромаштија да западнат во сиромаштија и да исполнат услови за социјална помош. Постапките за прием во социјална помош треба да се поедностават за да се обезбеди правилен и навремен прием на овие корисници во програмите за социјална помош, а може и да се отпочнат кампањи за информирање на домаќинствата и поттикнување да проверат дали ги исполнуваат условите и да се пријават – стратегија што во моментов е во фаза на усвојување во Босна и Херцеговина.

**Привремено дополнување на помошта на сегашните корисници.** Исто така, има оправданост да се дополнат/зголемат износите на помош за постојните корисници на социјална помош со цел да им се помогне во справувањето со економските и здравствените предизвици со кои се соочуваат, како што се зголемени медицински трошоци и ограничувања за секаков вид на стопански активности. Повеќето земји од Западен Балкан планираат да ги прошират ваквите бенефиции. Меѓу другите примери, во Албанија примателите на Ndihma Economike (главната и најголема програма за парична помош) привремено ќе добиваат двојно поголем износ на помош; Косово планира дополнителна исплата од 30 € месечно на сите корисници на социјална помош и пензиско осигурување кои примаат месечна исплата пониска од 100 €; а во Црна Гора речиси 11.900 пензионери кои примаат најниска пензија и 8.500 корисници на семеен додаток ќе добијат еднократна исплата од €50. Некои ранливи групи, како што се постарите лица, исто така може да добијат помош во натура (основни производи): Босна и Херцеговина, на пример, објави дека ќе доставува социјални пакети за основна грижа (составени од производи за лична хигиена и хигиена на домаќинства) на стари и ранливи лица на кои им е потребна постојана грижа во специјализирани установи. Иако овие дополнителни средства можат во голема мерка да ги поддржат зголемените потреби на ранливите домаќинства, исто така ќе биде важно да бидат придружени со соодветни комуникациски кампањи кои ќе ја потенцираат привремената природа на оваа помош.

**Привремено пријавување на корисници што се блиску до сиромаштија.** Во програмите за социјална заштита може исто така да се разгледаат можности за ублажување на условите со цел да може да се пријават, на привремена основа, домаќинства што се блиску до сиромаштија а во вообичаени околности не би ги исполнувале условите за тие програми. Ова се должи на тоа што условите за пријавување, како што се посредни тестови за имотна/економска состојба, не можат секогаш да ги забележат ненадејните падови на приходите (особено кај неформалните работници), и затоа што домаќинствата што се блиску до сиромаштија се речиси еднакво лошо погодени од кризата како и сиромашните. Привременото проширување на социјалната помош на домаќинства што се блиску до сиромаштија е особено пожелно во земји со слаба покриеност на системите за социјално осигурување, како што се земји со големи неформални сектори или ниско ниво на вработеност. Повеќе земји од Западен Балкан размислуваат за такво привремено проширување. На пример, во Албанија, самовработените семејства ќе добијат посебна помош еднаква на државно утврденото ниво на месечна плата; и Косово планира да им исплати 130 € на граѓаните кои ги загубиле своите работни места поради јавно-здравствената вонредна состојба, за април, мај и јуни. Важно прашање за кое треба да се води сметка е јасно соопштување (на соодветен начин) на

привремената природа на овие мерки. За разлика од конвенционалната социјална помош, корисниците не треба да очекуваат овој вид помош да продолжи на неопределено време.

Некои земји од регионот се одлучија за еднократна универзална дотација на секое возрасно лице (Србија, Црна Гора). Иако овој универзален пристап има свои придобивки (на пример, помошта би допрела до голем број ранливи неформално вработени кои можеби немаат право на социјална помош), важно е ваквите пристапи да не ја поткопуваат способноста на земјата правилно да ја финансира социјалната помош за намалување на сиромаштијата на среден рок, особено со оглед на значителните зголемувања на стапките на сиромаштија што се очекуваат за време на кризата и последователното закрепнување.

### Што со неформалниот сектор?

Поддршката на работници во неформалниот сектор во услови на криза е голем предизвик, бидејќи по дефиниција, неформалните фирми и работници не се регистрирани во органите за јавни приходи и социјално осигурување. Сепак, важно е да им се обезбеди поддршка и од аспект на рамноправна положба (сиромашните во голем дел работат во неформалниот сектор), и од гледна точка на економско закрепнување (неформалните фирми, и покрај тоа што не ги плаќаат сите давачки, сепак придонесуваат кон економскиот раст, учествуваат во синџирите на вредност и обезбедуваат вработување за луѓе на кои инаку можеби би им била потребна помош од државата).

Не постои "магично решение" за поддршка на неформалниот сектор, и неизбежно е дека некои од неформалните фирми и работници нема да успеат да добијат поддршка. Но, постојат начини да се обезбеди поддршка за важните популации во неформалниот сектор. На пример, може да се прошири програмата за социјална помош за домаќинствата што се блиску до сиромаштија кои немаат формални приходи или не добиваат други видови помош. Овие домаќинства веројатно ќе бидат значително погодени од кризата, и поддршката за нив е важна и од аспект на јавното здравје – ако не добијат поддршка, тие веројатно ќе продолжат да работат и со тоа ќе ја намалат делотворноста на мерките за одржување растојание помеѓу луѓето. Неколку западнобалкански земји, како Албанија и Косово, најавија слични мерки. Иако се фискално скапи, универзалните еднократни дотации што се најавуваат во Црна Гора и Србија гарантираат покриеност и на неформалниот сектор.

Друга патека е поддршка на неформалните фирми. Иако голем број од нив не се официјално регистрирани, повеќето неформални фирми имаат ограничени контакти со формалниот сектор преку добавувачи во формалниот сектор и институции за микро-кредитирање, на пример. Следствено, може да се направат обиди да се состават списоци (макар и нецелосни) на фирми од неформалниот сектор на кои би можело да им се обезбеди одредена форма на поддршка.

## Среднорочни опции: Рамнотежа меѓу поддршката за домаќинства и мерките за закрепнување

Повеќето краткорочни опции за социјална заштита за поддршка на домаќинствата се соодветни и за среден рок. Сепак, на среден рок ќе биде тешко за некои земји да ја балансираат поддршката на домаќинствата со економски стимулативни мерки бидејќи и за двете интервенции ќе бидат потребни значителни инвестиции. Економските последици од пандемијата ќе траат подолг временски период – затоа треба интервенциите да се подредат според приоритет помеѓу различните програми, но и во различни временски периоди. Иако можеби е примамливо уште

веднаш да се дејствува со фискална “тешка артилерија” во почетните фази на пандемијата, важно е да се зачува фискален простор за да може да се одржи долгогодишно економско закрепнување. Во делот на социјална заштита треба да се даде приоритет на одржување на способноста за финансирање на проширена мрежа за социјална заштита насочена кон сиромаштијата, што е последната брана што спречува сиромашните домаќинства да западнат во екстремна беда. Структурата на програмите и законите за социјално осигурување може исто така да за измени со цел за да се одржи можноста за финансирање на значителни среднорочни зголемувања на бројот на пријавени невработени.[4] Паралелно, откако ќе се укинат ограничувањата за вработување, ќе треба да се подобрат и прошират програмите за вработување насочени кон поддршка на повторното влегување на пазарот на трудот.

## Обезбедување на адекватно финансирање и подобрување на економичноста на програмите за социјална заштита

Важно е да се обезбеди соодветно среднорочно финансирање на програми за социјална заштита, а истовремено да се работи на подобрување на нивната економичност. Програмите за брз одговор кои можат да бидат соодветни на краток рок (како што е универзална еднократна парична помош) не можат да бидат одржливи на среден рок, особено ако се има предвид потребата од финансирање други/дополнителни мерки за закрепнување. Можеби на среден рок ќе се истакне важноста од подобра економичност на мерките за социјална заштита преку, на пример, преиспитување на нивоата/износите на помош и подобрување на насоченоста (таргетирањето) на мерките кон сиромаштијата, како и подобро поврзување на корисниците на социјална помош со програмите за вработување што поддржуваат повторно пристапување на пазарот на труд. Износите на пензии и осигурување во случај на невработеност, исто така, можеби ќе треба да се ревидираат (особено антикризните привремени додатоци) за да се обезбеди можност за одржливо финансирање на системот.

## Зајакнување на политиките за поттикнување на вработувања во насока на поддршка на повторен влез на пазарот на работна сила

Кризата не само што ќе создаде значителни движења во однос на вработувања и губење на работни места, туку и поради различните влијанија врз различни сектори ќе создаде прераспределување на работни места и економска активност помеѓу секторите. Работните места што ќе се затворат не значи дека потоа повторно ќе се отворат како истите работни места, и ќе има потреба од зајакнување на активните мерки за пазарот на труд (АМПТ) за преквалификација на голем број лица што бараат работа за да им помогне да најдат вработување во нови сектори.

Општо гледано, земјите од Западен Балкан многу малку вложуваат во АМПТ, а програмите што ги нудат јавните служби за вработување не се секогаш приспособени кон профилот на население што треба да го опслужуваат, или потребите на економијата. Затоа ќе биде важно да се подобрат и прошират АМПТ и да бидат релевантни за потребите на секторите што закрепнуваат. Напорите за проширување и прилагодување на тековните потреби може да започнат од порано, на пример советување и обуки преку интернет, кои можат да се изработуваат и во време на важење на мерките за контрола на заразата и одржување на растојание помеѓу луѓето. Во Романија, на пример, владата одобри одржување на сите активности за обука доколку се одвиваат онлајн; и во Естонија

[4] Видете ја придружната белешка од РЕИ: “Перспективи за Западен Балкан: во тешки времиња треба добра економија” за детална дискусија на потребата од компромис меѓу краткорочно ублажување на кризата и среднорочни мерки.

Владата нуди онлајн советување и посредување за барање работа. Ќе биде важно и да се подобрат партнерските односи, соработката и координацијата со давателите на услуги за вработување во приватниот сектор, што во моментот е мошне ограничено.

## Не е сеедно од каква состојба се поаѓа: можност за зајакнување на системите за социјална заштита

Капацитетите за економично справување со кризи значително се разликуваат во различни земји и во голема мерка зависат од појдовната основа - фискалниот простор и способноста на системите брзо да се прилагодуваат и проширувaат во време на кризи. Инструментите за социјална заштита, како што се регистри за социјална заштита, поедноставени и автоматизирани постапки за пријавување и проверки, ажурирани и интегрирани бази на податоци за плати и социјално осигурување, добро развиени системи за исплаќање и прописи за вработување што овозможуваат прилагодување во време на вонредни состојби, не само што овозможуваат реализација на подобро скроена социјална помош во нормални периоди, туку и оставаат можност во време на криза системите во краток рок да се проширувaат на економичен начин. Среднорочната фаза на закрепнување претставува можност за зајакнување на системите за социјална заштита да се зацврсти нивната издржливост и да се подобри нивниот капацитет да одговорат на евентуални идни кризи на економичен начин.

Еден пример се субвенциите за плати. Во многу земји-членки на ЕУ, државата плаќа само за реалниот број на работници кои не работат, или намалениот број на работни часови; и веќе постојат воспоставени прописи со кои им се овозможува на фирмите и на државата привремено да ги намалат платите/паричната помош за работниците кои се испратени на принуден одмор. Вакви прописи и капацитети за следење – за кои предуслов е поседување на добро интегрирани и ажурирани бази на податоци за плати и социјално осигурување - недостасуваат во голем број од западнобалканските земји, кои ќе треба да се потпираат на многу поскапи и помалку делотворни субвенции за плати за сите вработени.

Слично може да се каже за регистрите за социјална заштита и постапките за автоматска регистрација/проверка. Регистрите за социјална заштита спојуваат информации од бази на податоци од неколку министерства за да одржуваат ажурирани информации не само за корисниците на програмите за социјална помош, туку и за целото население. Следствено, добро изработени регистри за социјална заштита може да помогнат во определувањето на сегментите од населението што се особено погодени од кризи и да ги забрзаат процедурите за пријавување и проверка.

РРедовен економски извештај за Западен Балкан бр.17 | пролет 2020

Погледнете го извештајот на следниот линк: www.worldbank.org/eca/wbrer



**Ти и јас**
**од Тања Бурзановиќ (Црна Гора)**

Др. Тања Бурзановиќ има големо искуство од областа на графички дизајн, графика во архитектура, внатрешен дизајн. Таа работела како уметнички директор, внатрешен дизајнер и графички дизајнер. Повеќето од нејзините уметнички изложби се одржале на различни места. Има добиено многу награди за нејзините уметнички и литературни дела. Таа издала книга со наслов Меѓусебната поврзност помеѓу „Светот на уметноста“, со поддршка од Амбасадата на Индија за Австрија и Црна Гора во Виена. Нејзината уметничка филозофија вклучува прикажување на меѓусебно поврзување помеѓу уметничките светови (просторни и временски уметности). Уметникот на тој начин медитира помеѓу природата и духовите, а сепак произлегува од апсолутната идеја и служи на целта за реализација на апсолутен дух. „Разбирањето на значењето преку формата“ е задача на уметноста поставена од современ мислител да докаже дека градежните форми и создавање смисла се два истовремени, испреплетени и апсолутно неразделни процеси во уметноста. Без тоа признание не е можно да се преземе понатамошен чекор во истражувањето на природата на уметноста и литературата. Таа верува дека уметноста е начин за пребарување на вистината. Уметноста е неразделна од пребарувањето на вистината.

*Луѓето создаваат идеи, луѓето ги обликуваат соништата, а луѓето создаваат уметност. За да се поврзат локалните уметници со пошироката публика, на насловната страна на овој извештај и следните изданија ќе биде претставена уметност од земјите од Западен*